**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203 – 308/7**
**Скопје, 08.04. 2009 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА БОГДАНЦИ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Богданци за 2007 година, кои се прикажани на страните од 8 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Богданци за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Ѓорѓе Петрушев - Градоначалник на Општина Богданци во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 7 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 26.01. до 13.02.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***
______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Систем на интерни контроли во процесите**

**10.1.1. Процес на плати**

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на исплата на плати на вработените во административните органи на Општина Богданци, ревизијата констатира дека постои ризик исплатените плати да не се резултат на вистински извршена работа (присутност на работа). Причина за тоа се не воспоставените контроли, отсуство на евиденција за присуства и отсуства од работа, отсуство на разграничување на надлежности како и отсуство на пишани процедури во процесот на пресметка, исплата и евиденција на платите.
Во текот на ревизијата воведена е евиденција на вработените во општинската администрација за присуство на работа.
**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Богданци да донесе пишани процедури со јасна поделба на надлежностите и овластувањата на лицата во делот на пресметката, контролата, исплатата и евиденцијата на платите во општината.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. За евидентирање на набавката и давањето во употреба на материјалите нема утврдено конзистентна сметководствена политика, која треба да се применува во целиот пресметковен период, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Тоа се јавува поради не примена на одредбите од претходно споменатиот пропис. Не се изготвуваат приемници при приемот и испратници на основа требувањата од пооделните одделенија и служби на општината.
Во 2007 година има вршено набавки на канцелариски материјали, прехрамбени продукти и пијалоци, средства за хигиена, разни потрошни материјали, молерофарбарски материјали, електро материјали и друго во износ од 470 илјади денари.
Не евидентирањето на приемот и издавањето на материјалите придонесува да се нема увид во состојбата на истите и можност за ненаменско користење.

**Препорака:**
- да се воспостави сметководствена политика за евидентирање на материјалите;

- сметководствените трансакции да бидат поткрепени со соодветни сметководствени документи.

**10.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.3.1. Пописот на средствата и изворите на средствата на општина Богданци со состојба на 31.12.2007 година не е извршен во целост бидејќи:
- не го опфаќа имотот добиен со решението бр. 23-257/25 од 08.02.2000 година;
- не е извршен попис на обврските со состојба на 31.12.2007 година и
- не е извршен попис на уметнички слики и книги со кои располага општината.

Истото не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Нецелосното согледување на состојбата на имотот на општината и не спроведување на потребните подготвителни работи за извршување на пописот, придонесува искажаната состојба на средствата и обврските на 31.12.2007 година да не ја претставува реалната состојба на истите и доведува до нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Надлежните органи во Општина Богданци да превземат активности за целосно извршување на пописот на средствата и изворите на средствата согласно одредбите пропишани во Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

10.3.2. Обврската за плати и надоместоци на плати спрема вработените за 2007 година е искажана во помал износ за 368 илјади денари поради непресметана и неевидентирана обврска за плата за месец декември 2007 година што е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ефект од тоа се нереално искажани состојби на обврските во сметководството и Билансот на состојба на 31.12.2007 година. Бидејќи во текот на 2008 година е пресметана, евидентирана и исплатена обврската за плата за месец декември 2007 година ревизијата не дава препорака.

10.3.3. Во сметководството на Општина Богданци не се евидентирани вложувања во материјални средства ( комунални и инфраструктурни објекти) на соодветните сметки пропишани со Правилникот за сметковниот план за буџетите и буџетските корисници и Сметковниот план за буџетските корисници. Во текот на 2007 година, за објекти од овој вид, извршено е плаќање во вкупен износ од 2.345 илјади денари кои се евидентирани како капитални расходи, но не се евидентирани како зголемување на материјалните средства или инвестиции во тек. Ваквото постапување е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално искажани состојби на средствата и изворите на средства во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Да се пропише сметководствена политика за евидентирање на капиталните вложувања на соодветните позиции за материјалните и нематеријалните средства и државниот-јавен капитал.

10.3.4. Општина Богданци во својата евиденција го нема евидентирано:
- имотот добиен согласно Решението бр. 23-257/25 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на Општина Богданци врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на Република Македонија. Во врска со имотот со кој располага и е сопственост на општината нема

обезбедено имотни листи од Агенцијата за катастар на недвижности, како би можел истиот да биде евидентиран, и
- имотот кој се состои од автобус марка „Бова„ и патничко возило марка „Мерцедес„, добиени како донација. Овие возила се сопственост на општината, регистрирани се како општински но не се евидентирани во сметководството на општината. Возилото марка „Мерцедес„ не е на располагање на вработените во општината, бидејќи се наоѓа кај градоначалникот кој со решение на Владата на Република Македонија е разрешен од функцијата градоначалник.
Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2007 година не ја претставува реалната состојба на имотот на општината

**Препорака:**
- Градоначалникот да формира комисија, која согласно Методологијата ќе изврши проценка на вредноста на недвижниот имот. Имотот за кој нема имотни листи да се евидентираат вонбилансно и
- да се изврши проценка на вредноста и евидентирање на неевидентираниот подвижен имот (возила).

10.3.5. Спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници евидентирањето на документацијата (фактури, времени ситуации), за обврските спрема добавувачите, не е вршено во моментот на приемот на истите. Причина за таквата состојба е присутната пракса од претходните години. Ефектот од тоа е немање на увид за состојбите на обврските спрема добавувачите во сметководството во текот и на крајот на годината. На 31.12.2007 година според податоците од книгата за влезни фактури состојбата на неевидентирани обврски спрема добавувачите изнесува 713 илјади денари, за кој износ помалку е искажана состојбата во сметководството и Билансот на состојба за 2007 година.

**Препорака:**
Одделението за сметководство сметководствените трансакции да ги евидентира навремено и ажурно во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**10.4. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.4.1. Од позицијата Социјални бенифиции исплатени се средства во износ од 232 илјади денари за социјална помош на граѓани. Овие исплати се вршени со решенија донесени од градоначалникот. За истите не постои Програма со утврдени цели и активности, донесена од Советот на општината, нема утврдени критериуми за доделување на средствата, што создава можност за субјективно постапување и одлучување при нивното доделување и ненаменско трошење на средствата. Ваквото постапување е спротивно на Законот за социјална заштита.

**Препорака:**
Во 2009 година Советот да донесе Програма и да се утврдат критериуми со кои ќе се определат основните цели и активности за доделувањето на средства за социјална заштита.

10.4.2. На позицијата Капитални расходи, дел од расходите во износ од 1.792 илјади денари се искажани на основа некомплетна, формално неисправна и нецелосна документација, а се однесуваат на:
- расходи во износ од 307 илјади денари за набавка на готов бетон МБ 30 по про-фактура. Нема документација за кои потреби е набавен бетонот и каде е вграден (нема

испратница, нема приемница за приемот на бетонот, нема извештај од надзорен орган каде е потрошен бетонот);

- расходи во износ од 126 илјади денари за набавка на урбана опрема (парковски клупи и двострани метални корпи за отпадоци) со обврска на добавувачот да ја достави и монтира на локација која ќе ја одреди купувачот, на основа склучен купопродажен договор. По овој договор испоставена е фактура на износ од 208 илјади денари со прилог испратница на која за примил е потпишан градоначалникот. За тоа дека работата е завршена нема документација, која треба да е заверена, потпишана од надзорен орган.
Плаќањето за оваа работа, во износ од 126 илјади денари е извршено во 2007 година, на основа писмо за потсетување испратено од доверителот во кое се повикува на фактура со друг број во износ од 236 илјади денари. Од страна на надлежните во општината не е дадена на увид таква фактура;

- расходи во износ од 559 илјади денари за изработка на декоративни столбови, канделабри, од кој 300 илјади се платени по налог од општината, а 259 илјади денари по налог на Извршител. За тоа дека работата е завршена нема документација, која треба да е заверена, потпишана од надзорен орган;

- платен износ од 800 илјади денари за изградба на улици. Во врска со ова плаќање на ревизијата е презентиран договор склучен со изведувачот на износ од 3.000 илјади денари за асфалтирање на улици во Општина Богданци и прва времена ситуација на износ од 3.000 илјади денари која е потпишана од изведувачот и инвеститорот, но не и од надзорен орган. Не се дадени на увид градежен дневник и градежна книга. Бидејќи општината не води евиденција на обврските спрема добавувачите ревизијата не беше во можност да ја согледа состојбата на обврските, платениот износ и салдото неплатени обврски. Исто така на основа приложената документација не може да се констатира дали е работено по овој предмет, кои работи и во колкав обем се завршени.

Претходно споменатото е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници (членот 7 став 2 и членот 12 каде е регулирано дека сите податоци регистрирани во деловните книги и во другите извештаи мораат да бидат целосни и комплетирани, навремени, ажурни и да бидат презентирани хронолошки, односно точно да го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување) и има за ефект можност за ненаменско и незаконско трошење на средствата, нереални расходи, погрешно проценување на билансните позиции и изготвување на нереални финансиски извештаи.

10.4.3. На позицијата Стоки и услуги, евидентирани се расходи во износ од 953 илјади денари, кои се однесуваат на набавка на авионска карта за патување во странство, гориво, канцелариски материјали, прехрамбени продукти и пијалоци, средства за хигиена, изработка и монтажа на ограда на мост, разни потрошни материјали, електроматеријали, изработка на проекти, поправка на возила, молерофарбарски материјали и угостителски услуги на основа некомплетна документација поради тоа што:

- за патување во странство на градоначалникот нема налог за службено патување и решение за патување во странство,
- за потребите на општината се користат возила кои не се сопственост на општината и во кои се полни гориво на товар на средствата на општината, а општината нема назначено одговорно лице за следење на набавката, трошењето и евиденцијата на горивото;
- нема испратници/приемници за набавена стока, работни налози за извршени работи и договор за настап на естрадни уметници на манифестацијата Коледарски средби;
- нема потпис на испратници/приемници, сметкопотврди или фактури од овластено лице, како доказ за извршен прием на стоката или за завршена работа и

- во документацијата врз основа на која се извршени плаќања за угостителски услуги не е наведено кој е корисник на услугата од општината и по кој повод.

Претходно споменатото е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници членот 7 став 2 и членот 12 и има за ефект можност за ненаменско и незаконско трошење на средствата, нереални расходи, погрешно проценување на билансните позиции и изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Плаќањето на обврските и евидентирањето на расходите за извршени работи, набавки на стоки и извршени услуги по разни основи, да биде на основа веродостојна, комплетна и формално исправна документација согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, која претходно ќе биде евидентирана во сметководството на општината.

**10.5. Неправилна примена на Законот за јавни набавки**

10.5.1. При увидот во спроведувањето на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од областа на јавните набавки поради следното:
- надлежните од Општина Богданци во врска со јавните набавки имаат распишано Ограничениот повик бр. 1/07 објавен во Сл. весник на РМ бр.28 од 07.03.2007 година и постапено само по првата фаза од истиот при што се избрани квалификувани понудувачи по позициите содржани во повикот;
- во врска со изборот на квалификувани понудувачи изготвен е само записник на комисијата за јавни набавки кој не е потпишан од нивна страна;
- врз основа на утврдената листа, одговорното лице кај набавувачот - градоначалникот нема донесено одлука за кандидатите до кои ќе достави писмена покана за поднесување на понуди, што е спротивно на одредбите од членот 62 став 5 од Законот за јавни набавки;
- не е постапувано по одредбите од член 63 од Законот за јавни набавки, бидејќи набавувачот до квалификуваните кандидати (за кои нема донесено одлука од членот 62 став (5) на овој закон), не доставувал писмена покана за поднесување на понуда.

Поради претходно наведеното набавките кои подлежат на одредбите од Законот за јавни набавки, Општина Богданци ги извршила без да спроведе постапка за јавна набавка, што е спротивно на наведениот закон, освен за јавна набавка за консултански услуги за подготовка на проектна документација и апликација на Општина Богданци за учество во Програмата за соседство Република Македонија и Република Грција спроведена е постапка за јавна набавка од мала вредност која резултирала со склучување на договор од 22.01.2007 година на износ од 154 илјади денари, но фактурата по која е извршено плаќањето е од 29.09.2006 година, што укажува на фактот дека прво е издадена фактура, а потоа е водена постапката за јавна набавка, што е спротивно на Законот за јавни набавки.

Ревизијата изврши увид на набавките за кои не е спроведена постапка за јавна набавка, при тоа опфаќајќи и дел од набавките за кои во 2007 година се извршени плаќања, а потекнуваат од претходни години, при што утврди дека за набавки во вкупен износ од 10.369 илјади денари не е спроведена постапка за јавна набавка што е спротивно на Законот за јавни набавки (Прилог 1 и 2).

Неспроведувањето на постапки за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки создава можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен

понудувач, фаворизирање на одредени фирми, нетранспарентност при склучување на договорите, ја спречува конкуренцијата и придонесува за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**
Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки и подзаконските акти во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.2. и 10.3., финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Богданци под 31 декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.4. и 10.5., кај Органот на Општина Богданци, за 2007 година не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

13. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека во однос на судските спорови што ги води Општина Богданци, состојбата е следна:

Општина Богданци е тужена странка од четири субјекти од кои со двајца субјекти - граѓани од кои со едниот по основ на побарување од работен спор за кој износот не е определен и со другиот по основ надомест на штета од 40 илјади денари и со два субјекти, правни лица за долг во вкупен износ од 5.100 илјади денари.

Општина Богданци не се јавува како тужител во судски спорови.

Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Богданци за годината која завршува со 31 Декември 2007 година.

Скопје, 03.04.2009 Овластен државен ревизор


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**ОРГАН НА ОПШТИНА БОГДАНЦИ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 15,126 | 12,095 |
| **Вкупно приходи** | | **15,126** | **12,095** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 4,873 | 4,251 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 30 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 4,810 | 4,460 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 7 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 328 | 0 |
| Социјални бенефиции | 3.2.6. | 232 | 125 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **10,280** | **8,836** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 4,846 | 3,259 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **4,846** | **3,259** |
| **Вкупно расходи** | | **15,126** | **12,095** |

## ОРГАН НА ОПШТИНА БОГДАНЦИ
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ 2007 година

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 964 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **964** | **0** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 4,379 | 517 |
| **Вкупно постојани средства** | | **4,379** | **517** |
| **Вкупна актива** | | **5,343** | **517** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 964 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **964** | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 4,379 | 517 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **4,379** | **517** |
| **Вкупна пасива** | | **5,343** | **517** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**ОРГАН НА ОПШТИНА БОГДАНЦИ**
**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **517** | **-** | **517** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Набавки | 3,881 | - | **3,881** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | | | **-** |
| Пренос од средства во подготовка | | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| Расходување | | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | | **-** | |
| Отпис на капитални средства | | | |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | |
| Амортизација | 19 | | **19** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **4,379** | **-** | **4,379** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*
______________________